# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 58 став (1) точка 3) од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 21 март 2020 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ЗАБРАНА И ПОСЕБЕН РЕЖИМ НА ДВИЖЕЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Член 1**

Со оваа одлука заради спречување на ширење на заразната болест COVID-19 и заштита на населението во Република Северна Македонија се наредуваат следните мерки:

1. Се забранува движење на населението на територијата на Република Северна Македонија, во временски период од 21:00 часот до 6:00 часот наредниот ден.

2. Се забранува движење на возила од јавен превоз на територијата на Република Северна Македонија, во временски период од 21:00 до 6:00 часот наредниот ден.

**Член 2**

Мерките од членот 1 од оваа одлука ќе се применуваат за периодот на постоење на вонредната состојба на територијата на Република Северна Македонија.

**Член 3**

Посебниот режим на движење на населението и возилата, исклучоците за одредени категории на лица и институции, работата на производствени и други капацитети, начинот на организирање на меѓуградскиот и јавниот превоз и други работи поврзани со давање на услуги на населението, согласно мерките од членот 1 од оваа одлука, да го утврди Главниот координативен кризен штаб за спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2416/1
21 март 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.